**Известување за концентрација**

Помеѓу РВЕ **Инноги ГмбХ**, Федерална Република Германија и **Мешовит холдинг Електростопанство на Република Српска – Матично друштво Акционерско друштво Требиње**, Босна и Херцеговина ***по пат на*** **заедничко вложување** (joint venture)
(**предмет бр.** 08-116/2012)

1. Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10 и 136/11), на ден 27.11.2012 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација помеѓу РВЕ **Инноги ГмбХ** со регистрирано седиште на Гилдехофштрасе 1, 45127 Ессен, Федерална Република Германија и **Мешовит холдинг Електростопанство на Република Српска – Матично друштво Акционерско друштво Требиње** со регистрирано седиште на Степе Степановиќ бб, Требиње, Република Српска, Босна и Херцеговина, во смисла на одредбите од член 12 од Законот за заштита на конкуренцијата, ***по пат на создавање на*** **заедничко вложување** (joint venture).

2. Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

   - **РВЕ Инноги ГмбХ** со главно седиште на Гилдехофштрасе 1, 45127 Ессен, Федерална Република Германија - е дел од РВЕ Групата. РВЕ Групата примарно е активна во електричната енергија и природниот гас. РВЕ Инноги ГмбХ ги обединува експертизите за обновливи извори на енергија и електрани на РВЕ Групата. Друштвото планира, гради и управува со објекти кои произведуват енергија од обновливи извори како ветер, вода и биомаса.
     РВЕ Групата нема директни подружници во Република Македонија. РВЕ АГ е еден од двата акционери кои заеднички го контролираат друштвото Келаг – Карнтнер Електризитатс Актиенгезелшафт. Келаг групата има само една доружница регистрирана во Македонија - Интеренерго Македонија ДООЕЛ Скопје. Друштвото за енергетски инженеринг Интеренерго Македонија ДООЕЛ увоз-извоз Скопје е со седиште на ул. Анкарска бр. 23/19 Скопје – со главна дејност трговија со електрична енергија.

   - **Мешовит холдинг Електростопанство на Република Српска – Матично друштво Акционерско друштво Требиње** со главно седиште на Степе Степановиќ бб, Требиње, Република Српска, Босна и Херцеговина – е крајно матично друштво и холдинг компанија на ЕРС Групата. Активностите на ЕРС Групата во енергетскиот сектор покриваат производи и услуги поврзани со електрична енергија на секое ниво од

ланецот на снабдување, во домен од истражување/производство до снабдување на крајните корисници.

3. Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

4. Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Мито Хаџивасилев Јасмин 50, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

06.12.2012 година
Скопје